Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година

Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата" поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ – ОБОА И КАМЕРНА МУЗИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 16.8.2012 година, донесе Одлука за распишување на Конкурс за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно - научната уметничка област ***видови инструменти - обоа и камерна музика*** (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност. На 18.10.2012 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 1902-174/6 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно - научната уметничка област *видови инструменти - обоа и камерна музика* (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

– проф. м-р Кирил Рибарски, ред. проф. од наставно-научната уметничка област дувачки инструменти - тромбон, редовен проф. во пензија, претседател;
– проф. м-р Горги Мицанов, вонреден проф. од наставно-научната уметничка област дувачки инструменти - саксофон, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор од наставно-научните уметнички области теорија на музиката и музичка педагогија, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор на еден извршител, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 5.10.2012 година, за избор на наставник во во сите звања за наставно - научната уметничка област *видови инструменти - обоа и камерна музика* се пријави само еден кандидат: **м-р Владимир Лазаревски.**

Критериумите за избор во сите звање наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

– Пријава;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (за странска диплома нострафикација и еквиваленција на оценки);
– Уверени за положени испити;
– Кратка биографија;
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– Список на објавени научни и стручни трудови;
– Уверение за државјанство.

Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистерски труд | Уверение За Положени испити | Кратка биографија | Потврда за странски јазик | Список на трудови/ концерти (член 127) | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М-р Владимир Лазаревски | има | има | има | има | има | има | има |

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Владимир Лазаревски** завршува нижо музичко училиште во Скопје во 1992 година. Своето средно образование од 1994 до 1998 година го продолжува во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје, инструмент обоа. Владимир студира на Националната музичка академија „Панчо Владигеров” во Софија, во класата по обоа на проф. Георги Желјазов, каде што дипломира и магистрира во 2003 година. Една година подоцна Лазаревски добива целосна стипендија од Музичката академија „Лонџи” во Бостон, САД, каде што заминува да се усовршува како соло и камерен музичар изведувач. Таму студира во класите на проф. Вејн Рејпиер и проф. Марк Мек Еван, врвни обоисти на оркестарот на Бостонската филхармонија, каде што ги заокружува своите постдипломоски студии во 2006 година. Во 2007 година, Владимир добива целосна стипендија за студирање Бизнис администрација и во 2009 година се здобива со звањето магистер по бизнис администрација од Универзитетот „Курт Бош“ во Сион, Швајцарија. Од 2009 година, Владимир е запишан на докторските студии по камерна музика на Националната музичка академија „Панчо Владигеров” во Софија и согласно со програмата за студирање се очекува да докторира до крајот на јануари 2013 година.

Својот музички профил Владимир го усовршува на многубројни семинари кај еминенти обоисти, како Инго Горицки, Давид Валтер, Паул Гуди, Хелмут Мецера и др. Носител е на неколку музички награди, меѓу кои се издвојуваат: Лауреат на Меѓународниот музички натпревар „Алегро виво“ во Австрија 2002 г., како и освојувач на третата награда на натпреварот „Земјата и луѓето”, во Бугарија во 2001 г., како и две први награди од државните музички натпревари во Македонија во 1996 и 1997 година.

Владимир Лазаревски има бројни настапи на музички фестивали во земјава и во странство, како: „Гдањско музичко лето“ во 2011 година во Полска, „Моцартеум“ *и „Алегро виво“* во Австрија, „Бостонски музички вечери“ во САД, Фестивалот „Дартингтон“ *во Англија,* „Блуз и џез рели“ во Луксембург, „Денови на славјанска писменост“ во Москва, „Денови на славјанска писменост“ во Рим, „Скопско лето“, „Интерфест“, „Денови на македонската музика“, „Битфест“, „Штипско лето“, „Балкан класикал мјузик фестивал“, „Модоарс“ и др. Секако, на ова се приклучуваат и солистичките настапи со канадскиот симфониски оркестар „Вест Коуст“, ансамбалот „Барокни солисти“ во Софија, Академскиот симфониски оркестар во Бугарија, како и со Македонската филхармонија.

Како обоист и солист на англиски рог свирел во составот на голем број ансамбли: Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Сараевската филхармонија, Симфониските оркестри во Пазарџик и Враца, Р. Бугарија, Нов симфоничен и Академскиот симфоничен оркестар во Софија, Камерниот оркестар на Лонџи, САД, Колегиум-музикум Банкја – Софија, Симфонискиот оркестар „Варненско - Мазурски“ од Полска и др.

Во 2009 година Владимир ги издаде своето ЦД првенец со пијанистката Милица Шкариќ, со дела од современи славјански композитори, како и ЦД -то со музичкиот камерниот квартет „Мјузик прогресив“. Негова изведба на дело од проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска е издадена и на ЦД од СОКОМ.

Во моментов, Владимир Лазаревски е доцент по обоа, камерна музика и методика на дувачките инструменти на Факултетот за музичка уметност на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Тој е и редовен хонорарен соработник на Македонската филхармонија, Средното музичко училиште во Тетово, Оркестар на ММЕ при МРТ и е член на камерниот квартет „Мјузик прогресив“.

Лазаревски е автор на рецензирана скрипта со наслов „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс“, која ја издаде за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“

Од 2009 година е редовен член на стручните тимови за изработка на наставни програми по: обоа, камерна музика, прима виста, водење училишни оркестри, втор инструмент, оркестарска литература, за државните основни и средни музички училишта во Р. Македонија и сè уште е активен член на Националната комисија за учебници при Владата на РМ.

***Наставно-образовна дејност***

- Од 2008 година година, м-р Владимир Лазаревски е вработен како доцент по обоа, камерна музика и методика на дувачките инструменти на Факултетот за музичка уметност на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 25).
- Во учебната 2007/2008 година е вработен како хонорарен стручњак од пракса на Факултетот за музичка уметност на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 25).
- Лазаревски е автор на рецензирана скрипта за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ со наслов „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс“ (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4).
- Лазаревски е автор на интерна скрипта за предавање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ по предметот Методика на наставата по дувачки или гудачки инструменти (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 5).
- Лазаревски е ментор на тројца дипломци на првиот циклус студии на Факултетот за музичка уметност при УГД (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 14).
- Во академската година 2011/2012 година, Лазаревски предаваше два предмети на вториот циклус студии по матичен инструмент при Факултетот за музичка уметност, УГД – Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 27).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената документација, во периодот по изборот на м-р Владимир Лазаревски во претходното звање доцент во март 2008 година до денес, во признати домашни и странски концертни сали и на голем број фестивали, реализирал 34 концертни настапи и тоа: солистички и камерни целовечерни рецитали, солистички настапи со оркестар, настапи со камерни состави и учествувал како член на симфониски оркестри (обоист/англиски рог) на 21 концерт. Од сите настапи би ги издвоиле:

***Целовечерен солистички - камерен концерт***
***Во земјава***

1. 7 април 2009 г. - Целовечерен рецитал – концертна вечер посветена на композиторот Паул Хиндемит во Музеј на Град Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
2. 9 октомври 2009 г. - Целовечерен рецитал на Меѓународниот фестивал „Интерфест“ во Битола. (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
3. 20 април 2010 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во Младинскиот културен центар – Сала „Кино Фросина“ во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности година под ред. бр. 6);
4. 25 август 2010 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во Македонска Каменица на „Каменичко културно лето“ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
5. 24 септември 2010 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во црквата „Св. Софија“ во Охрид (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);

6. 14 јуни 2011 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на Меѓународниот фестивал „Модоарс" во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
7. 13 јули 2011г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на Фестивалот „Битфест" во Битола (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
8. 23 ноември 2011 г. - Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на фестивал „Duty free jazz" во рамките на манифестацијата *Гевгелија – град на културата 2011 година* (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6).

***Во странство***

1. 29 септември 2009 г. - Целовечерен рецитал со пијанистот Милица Шкариќ – посветен на славјанските композитори во престижната „Камерна сала Бугарија" во Софија, Бугарија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
2. 29 октомври 2009 г. - Целовечерен настап во Виена, Австрија, во реномираниот џез клуб „Порги и бес" во рамките на фестивалот „Чекор преку границата", посветен на македонската музика како член на музичкиот квартет „Мјузик прогресив" (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
3. 26 јануари 2010 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во Чешкиот културен центар во Софија, Р.Бугарија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
4. 24 мај 2010 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во Рим, Италија, во рамките на манифестацијата „Св. Кирил и Методиј" (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
5. 26 ноември 2010 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на 9. Интернационален џез и блуз фестивал „Геза Балаш Гари" во Кикинда, Србија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
6. 27 ноември 2010 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во Културниот дом „Параброд", Белград, Србија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
7. 17 март 2011 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во „Ensemble studio theater" во Њујорк, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
8. 19 март 2011 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на 26. Интернационален фестивал „Balkan nights 2011" во Бостон, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
9. 16 јули 2011 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на Интернационалниот фестивал „Blues' n Jazz Rallue" во Луксембург (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
10. 31 јули 2011 г. - Концертен соло рецитал на „Gdanske LATO MUZYVZNE 2011" во базиликата „Св. Николај", Гдањск, Полска (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
11. 31 јули 2011 г. - Целовечерен соло концертен рецитал на „Cisterician music summer" во Zarnowiec, Полска (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
12. 1 август 2011 г. - Целовечерен камерен концерт на „Gdanske LATO MUZYVZNE 2011" во базиликата „Св. Николај", Гдањск, Полска, со обоистот Јарослав Вурзуковски (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6); 26 март 2012 г. - Целовечерен камерен заеднички концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во „МЦ галери" во Њујорк, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);

13. 19 март 2012 г. - Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во „Лилипад" во Бостон, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
14. 17 март 2012 г. - Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на 27. Интернационален фестивал „Balkan nights 2012" во Бостон, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6).

***Настап на концерт во траење од 20 минути***
***Во земјава***

1. 11 јули 2012 г. - Солист со оркестарот „West coast symphony" на Скопско лето, Скопје – Македонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);
2. 10 јули 2012 г. - Солист со оркестарот „West coast symphony" на Битфест, Битола – Македонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);
3. 8 јули 2012 г. - Солист со оркестарот „West coast symphony" на *Кочани –град на културата Кочани 2012 – Македонија* (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);
4. 8 јули 2012 г. - Солист со оркестарот "West coast symphony" на Штипско лето, Штип – Македонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);
5. 17 мај 2012 г. - Солист со Симфонија кончертанте бр. 2 за виолина,обоа, виолончело, фагот и оркестар со Македонска филхармонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7).

***Во странство***

1. 24 мај 2009 г. - Настап во Москва, Руската федерација во престижниот храм „Христос Спасителот" во рамките на фестивалот „Денови на славјанска писменост", како член на музичкиот квартет „Мјузик прогресив" (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7).

***Настап на камерен групен концерт/ Одржано предавање по покана на научна институција***
***Во земјава***

1. 25 март 2009 г. - Настап со камерниот квартет „Новус" во рамките на фестивалот „Денови на македонска музика" во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8);
2. Јули 2009 г. - Настап во рамките на фестивалот „Штипско лето", заедно со студентите од класата по обоа и камерна музика и професорката по флејта (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8);
3. Август 2009 г. - Настапи на промотивните концерти на ФМУ, заедно со своите студенти од класата по обоа и камерна музика во Штип, Струмица, Дојран, Кавадарци, Кочани (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8);
4. 27 март 2010 г. - Концертен настап во рамките на „Денови на македонска музика" во Музеј на Град Скопје со композиција на проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска: „Небесни тела" за обоа и пијано (премиерна изведба); (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8);
5. 14 август 2011 г. - Концертен настап на промотивна турнеја на ФМУ-Штип, во Штип, заеднички настап со проф. д-р Милица Шкариќ, доц. м-р Златка Митева и доц. м-р Ангеле Михајловски во Штип (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8).

***Во странство***

1. 23 март 2012 г. - Камерен заеднички концерт со Дуке Бојаџиев и квартетот „Мјузик прогресив“ во „DROM“ Њујорк, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8);
2. 18 март 2012 г. - Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив“ и Семинар предавање на Музичката академија „Лонци“ во Бостон, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8).

***Симфониски концерти***

М-р Владимир Лазаревски во периодот од последниот избор во доцент до денес активно учествува како инструменталист на обоа и англиски рог во 21. симфониски концерти на Македонската филхармонија, како и со Симфонискиот оркестар „Варненско - Мазурски“ од Полска:

1. 12 ноември 2009 г. - Симфониски концерт на *Македонската филхармонија* со диригентот Борјан Цанев во Домот на АРМ, Прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
2. 20 јануари 2010 г. - Симфониски концерт на *Македонската филхармонија* „Бродвеј во Скопје“, со диригентот Тимоти Редмонд од Велика Британија во МОБ, Прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
3. 4 февруари 2010 г. - Симфониски концерт на *Македонската филхармонија* со диригентот Марко Летонија од Словенија во Домот на АРМ, Прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
4. 25 март 2010 г. - Симфониски концерт на *Македонската филхармонија* со диригенто т Берислав Шипуш од Хрватска во Домот на АРМ, англиски рог и четврта обоа во ор кестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
5. 27 мај 2010 г. - Симфониски концерт на *Македонската филхармонија* со диригентот Сашо Татарчевски во Домот на АРМ, англиски рог во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
6. 30 септември 2010 г. - Симфониски концерт со оркестарот „Symfoniczna Filharmonii Warmińsko-Mazurskiej“ од Полска со диригентот Јануш Пшибилски, во Домот на АРМ , англиски рог и трета обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
7. 1 октомври 2010 г. - Симфониски концерт со оркестарот „Symfoniczna Filharmonii Warmińsko-Mazurskiej“ од Полска со диригентот Јануш Пшибилски на фестивалот „Интерфест“ во Битола, англиски рог и трета обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
8. 2 октомври 2010 г. - Симфониски концерт со оркестарот „Symfoniczna Filharmonii Warmińsko-Mazurskiej“ од Полска со диригентот Јануш Пшибилски во Охрид, англиски рог и трета обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
9. 7 октомври 2010 г. - Симфониски концерт на *Македонската филхармонија* со диригентот Јануш Пшибилски од Полска, во Домот на АРМ , англиски рог во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
10. 20 јануари 2011 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија со диригентот Саша Николовски-Ѓумар, Дом на АРМ, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
11. 27 јануари 2011 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија со диригентот Борјан Цанев, Дом на АРМ, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
12. 26 февруари 2011г. - Симфониски концерт за деца на Македонската филхармонија со диригентот Борјан Цанев, Дом на АРМ, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);

13. 7 април 2011г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија со диригентот Диан Чобанов - Бугарија, Дом на АРМ, англиски рог во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
14. 12 мај 2011 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија „Филмска авангарда“ со диригентот Саша Николовски – Ѓумар, Дом на АРМ, англиски рог во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
15. 17 јуни 2011 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија „Види музика, слушни слика, добиј книга“ со диригентот Саша Николовски-Ѓумар, Градски парк, англиски рог во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
16. 13 октомври 2011 г. - Симфониски концерт за деца на Македонската филхармонија „Лауреати“ со диригентот Борјан Цанев, Дом на АРМ, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
17. 10 ноември 2012 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија со дири гентот Мартин Панталев - Бугарија, Дом на АРМ, 20 часот, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
18. 1 декември 2012 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија со солистот на обоа Алексеј Огинчук – Русија и диригентот Борјан Цанев, Дом на АРМ, 20 часот, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
19. 23 февруари 2012 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија, циклус „Чај во Лондон“ со диригентот Тимоти Редмонд – Велика Британија, Дом на АРМ, 20 часот, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
20. 10 март 2012 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија, циклус „Детски концерт“ со диригентот Ле Фи Фи, Дом на АРМ, 12 часот, прва обоа во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);
21. 20 јуни 2012 г. - Симфониски концерт на Македонската филхармонија „Види музика, слушни слика, добиј книга“ со диригентот Тимоти Редмонд – Велика Британија, Градски парк, англиски рог во оркестарот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9).

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

– До 2011 година, Лазаревски е член на Сенатот при Универзитетот „Гоце Делчев“ (види табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност ред. бр. 27).
– Со одлука од претседателот на Владата на РМ, Лазаревски е избран два пати за член на Националната комисија за учебници при Владата на РМ во периодот 2009-2010 и 2011 -2012 година (види табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност ред. бр. 27).
– Лазаревски е и редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити (види табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност ред. бр. 28).
– Од 2009 година Лазаревски е составен член на 14 експертски тимови кои секоја година изготвувале наставни програми по предметите: Обоа, Камерна музика, Водење училишни оркестри, ППрима виста, Втор инструмент, Оркестарска литература, за основното и средното музичко образование за територијата на цела Р. Македонија (табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност ред. бр.17).

## З А К Л У Ч О К

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Владимир Лазаревски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно - научната уметничка област обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и го избере **кандидатот м-р Владимир Лазаревски во звање вонреден професор за наставно- научната уметничка област** ***обоа и камерна музика*** **на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Кирил Рибарски, редовен професор, с.р.**
**М-р Георги Мицанов, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Владимир Лазаревски**

| Реден број | Наставно - образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања | **8** | |
| 4 | Интерна скрипта од предавања | **4** | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа | **3x1 = 3** | |
| 25. | Предавања | **72** | |
| 27 | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс | **4** | |
| | Вкупно поени | **91** од потребни 30 | |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт ( целовечерни солистички концерти) 8 x 3 =24 и 15 x 6 = 90 | **24** | **90** |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (настап на концерт во траење од 20 минути) 5x 2 = 10 и 1 x 4 = 4 | **10** | **4** |
| 8 | Одржано предавање по покана на научна институција. Музички настап на официјален концерт (настап на камерен групен концерт) 5x2 =10 и 2X3 =6 | **10** | **6** |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/устно) Концерт во земјава и во странство (во симфониски оркестар) 21x 1 = 21 | **21** | |
| | Вкупно поени | **165 од потребни 38** | |

| Реден број | Стручно - апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 17 | Елаборати и експертизи 14x2 =28 | **28** | |
| 27 | Член универзитетски или владини тела 3x5 =10 | **15** | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија 3x2 =6 | **6** | |
| | Вкупно поени | **49 од потребни 7** | |

**Вкупно 305 од потребни 75 поени**